# ТУРИСТИЧКО ПРАВО

Летен семестар, академска 2024/2025 година

**Предметен наставник**: д-р Горан Китевски, доцент
**Предметен асистент**: /

**Контакт**: kitevski.pmf@gmail.com
kitevski@pmf.ukim.mk

**Термини на настава**:

*Предавања*: четврток, 10-12, предавална бр. 122
*Вежби*: четврток, 12-14, предавална бр. 122

**Термини за консултации**: вторник, од 10 до 12 ч.

**Литература за предметот**:

*Задолжителна литература*:

1. Крстаноски, Миладин (2010): Основи на правото со туристичко право, ФТУ, Охрид
2. Материјали од предавања

*Дополнителна литература:*

1. Norman Cournoyer, Karen Morris, Anthony Marshall (1998): Hotel, Restaurant and Travel Law, Delmar Cengage

**Опис на програмата на предметот:**

Предметот *Туристичко право* ги истражува правните аспекти на туристичката индустрија, опфаќајќи ги националните и меѓународните правни рамки што ја регулираат туристичката дејност. Програмата вклучува анализа на правата и обврските на туристите, туристичките оператори и другите чинители во секторот, со особен фокус на договорните односи, одговорноста во туризмот, заштитата на потрошувачите и правните механизми за решавање спорови. Посебно внимание се посветува на државните регулативи, европските директиви и меѓународните конвенции кои влијаат врз туристичкото работење. Студентите ќе се стекнат со практично применливо знаење за правната рамка на туризмот, што ќе им помогне во идните професионални ангажмани во туристичкиот сектор.

**Студентски обврски:**

Активно следење и учество во наставата и вежбите. Изработка на проектна задача и финален семинарски труд. Предвидени се два контролни теста и два колоквиуми.

**Параметри за оценување:**

1. Прв колоквиум – 30%
2. Втор колоквиум – 30%, или
3. Испит – 60%
4. Присуство, активност, проектна задача – 20%
5. Изготвување и презентација на семинарски труд – 20%

**Календар и рокови на активности:**

| Термин | Тематска содржина |
|---|---|
| 20.2. | Вовед во предметот и предметната програма |
| 27.2. | Туристичко право; основни познавања на правото; правен систем |
| 6.3. | Правен поредок; правна норма; правни акти; субјекти на правото |
| 13.3. | Држава (1/2) |
| 20.3. | Држава (2/2) |
| 27.3. | Договор за организирање на патување |
| 3.4. | Алотман |
| 10.4. | **I колоквиум** |
| 17.4. | Договор за хотелски услуги |
| 24.4. | Договори во функција на туризмот (1/2) |
| 8.5. | Договори во функција на туризмот (2/2) |
| 15.5. | Туризам и туристичко право: случај Македонија |
| 22.5. | *Семинар: презентација на семинарски работи* |
| 29.5. | **II колоквиум** |